Врз основа на Методолигијата за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани и фондации од буџетот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.5/16), општина Битола објавува

ЈАВЕН ПОВИК
за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2017 година

1.Распределбата на средствата за здруженијата/фондации од буџетот на општина Битола се врши преку грантови за проекти во приоритетни области и цели кои се однесуваат на:

-локален и економски развој,
-образование,
-култура,
-техниката,
-наука,
-здравство,
-спорт и
-екологија и
-други области.

2.Критериуми за аплицирање

2.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

-Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

-Да имаат седиште во општина Битола

2.2.Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

| Критериуми | Бодови |
| --- | --- |
| 1.Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 20 |
| 2.Релевантност на акцијата/проектот со приоритетната област (анализа на проблемот, актуелност, целна група) | 30 |
| 3.Опис на акцијата/проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4.Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост) | 15 |
| 5.Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 15 |
| Максимум бодови | 100 |

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови

3.Временската рамка за спроведување на проектите е до крајот на фискалната година, односно до 31.12.2017 година.

4.Висината на финансиските средства кои можат да се добијат за поединечен проект на здружение/фондација изнесуваат најмногу до 50.000 денари.

4.1.Здруженијата/фондациите имаат право да поднесат една или повеќе апликации за финансиска поддршка, од кои само една може да биде одобрена по избор на Комисијата за финансии и буџет.

4.2.Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички со еден предлог проект.

**5.Потребна документација за пријавување**

5.1.Заинтересираните здруженија/фондации потребно е да ја достават следната документација:

-Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во општина Битола)

-Пополнет Образец за извештај за искористени средства за 2016 година-за оние кои добиле средства во претходната година (достапен на веб страна и шалтерите во општина Битола)

-Тековна состојба од Централен регистар на РМ (копија или оригинал)

5.2.Документацијата се доставува до Општина Битола-Комисија за финансии и буџет, Булевар „1-ви Мај“ бр.61, во рок од 15 дена од денот на објавување на овој повик (сметајќи го и денот на објавувањето).

6.Користење на доделените средства

6.1.Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.

6.2.Општина Битола и Комисијата за финансии и буџет го следат наменското трошење на доделените средства.

Бр.0911-11/4
20.02.2017 год.